**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-3/8
Бр.на постапка 70035
од 23.06.2025 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**За организирање на јавен увид по**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 3,14ha (31.363,08м$^2$), а должината на осовината изнесува 7,25км (7.246,1м).

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 – сообраќајни патни инфраструктури, за изградба на велосипедско – пешачка патека од м.в. Потокот до манастир Св.Илија, во КО Велес и КО Караслари, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 24.06.2025 до 08.07.2025 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Marko Kolev
Digitally signed by
Marko Kolev
Date: 2025.06.23
15:06:23 +02'00'